**From:** OTA Info
**Sent:** Thursday, September 19, 2024 1:29 PM
**To:** [redacted]
**Cc:** Martina Zhuzhelovska <Martina.Zhuzhelovska@ota.mk>
**Subject:** RE: БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитуван[redacted],

Во врска со вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено по електронски пат на 12 септември 2024 година, во законски предвидениот рок, преку електронски запис на e-mail, дозволете ни да ве известиме дека за да се заснова работен однос во ОТА лицето мора пред се да ги исполнува следниве општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетно,
- да е здравствено и психофизички способно,
- да има завршено најмалку четиригодишно средно образование,
- со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето (оваа проверка се спроведува од страна на надлежен орган како безбедносна проверка од втор степен, согласно со прописите од областа на класифицираните информации, при што се добиваат/прибираат податоци непосредно од лицето на кое тие се однесуваат, од други лица, државни органи, јавни претпријатија, установи и други правни лица, согласно со закон),
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови за засновање на работен однос, со актот за систематизација на работните места во ОТА (кој претставува класифицирана информација), се утврдени и други посебни услови.
Во насока на поцелосен одговор на вашето барање, а истовремено почитувајќи го правниот режим на класифицираните информации, ве известваме дека согласно важечкиот Правилник за систематизација на работните места во Оперативно-техничката агенција се утврдени, а во моментот на доставување на овој одговор не се пополнети и работни позиции за кои како дел од условите е предвидено образование со Електротехника со 240 ЕКТС. Конкретни работни позиции со образование специфицирано од електроника или енергетика – не се предвидени.
Непополнетите/испразнетите работни позиции за кои еден од потребните услови е образование електротехничка - се движат од виш советник, самостоен советник, главен советник до раководител на одделение. Разликата помеѓу нив е во потребниот број на години работно искуство и тоа од 2 години, 3, години, 4 години и 5 години работно искуство од областа на телекомуникациското инженерство. Исто така потребно е исполнување на и други посебни услови во зависност од работната позиција, меѓу кои и познавање на англиски јазик и стекнување со највисок степен на национален безбедносен сертификат „државна тајна“.

Исто така би сакале да ве информираме дека за да може ОТА да започне постапка за вработување потребно е во претходна постапка да бидат обезбедени соодветни согласности од надлежните министерства, а Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 28 јуни 2024 година има донесено заклучоци со кои се задолжуваат работодавачите од јавниот сектор започнатите постапки за вработување и издадени согласности за 2024 година да ги запираат и да не се спроведуваат.

Со почит,
Мартина Жужеловска,
одговорно лице за информации од јавен карактер